**Пополнување на јазот меѓу потребите, капацитетите и можностите: Истражување и препораки на Зелен ЦИВИЛ**

Зелената агенда, еколошките прашања и одржливиот развој се неизоставен дел од политичките програми и дел од пи-арот на институциите на државно и локално ниво. Последниве години, фокусот на пошироката јавност, медиумите, граѓанското општество, па и академската фела е насочен кон оживување на темите поврзани со зелените прашања, нивно разбирање и промовирање.

Проектот „Зелен форум" на Зелен ЦИВИЛ (организациска единица на ЦИВИЛ – Центар за слобода) обезбеди платформа за дебата за клучните зелени прашања. Проектот идентификува голем број позитивни и негативни социополитички фактори што се однесуваат на зелената иднина на земјата.

Проектот вклучи голем број познавачи на зелените прашања, политичари, носители на одлуки и професионалци од редовите на организациите на граѓанското општество и медиумите. Воедно, тимот на ЦИВИЛ работеше на систематизирање на претходните искуства и истражувања, земајќи ги предвид и излагањата на учесниците на панел дискусиите на Зелен ЦИВИЛ. Искусните аналитичари во состав на организацијата формулираа препораки и врз основа на континуираното следење и анализи на тековните состојби поврзани со зелените прашања, вклучително и компаративни анализи со светските трендови.

## I. КАПАЦИТЕТ НА ДРЖАВАТА И ИНСТИТУЦИИТЕ ДА КРЕИРААТ И СПРОВЕДУВААТ ЗЕЛЕНА АГЕНДА

Едно од клучните прашања на кои проектот се обиде да даде одговор е: **Дали државата и институциите имаат капацитет да креираат и спроведуваат зелена агенда?**

Врз основа на истражувањето на Зелен ЦИВИЛ, може да се извлечат неколку поенти и препораки.

### 1. Законска регулатива во хармонија со ЕУ

Мора да се зајакнат напорите за носење на законска регулатива во хармонија со законодавството на ЕУ. Тоа подразбира целисходна и редовна соработка и размена со европските институции кои ќе бидат поканети да помогнат во креирањето на законските решенија соодветни на македонските услови и состојби во доменот на зелените агенди.

Не смее да се заборави ниту вклучувањето на граѓанското општество, особено организациите кои имаат искуство со мониторинг и анализи на политиките, како и разбирање на зелените вредности.

### 2. Развојна стратегија со јасни и остварливи цели

Силна препорака на Зелен ЦИВИЛ и на учесниците во проектот е да се работи подоследно на создавање и имплементација на развојна стратегија и стратегии кои на среден и долг рок ќе имаат целосно јасни и остварливи цели, од кои ќе произлегуваат реалистични акциски планови.

Во оваа област може да помогнат независни експерти и организации кои имаат искуство во создавање стратегии за политики и практики во поширок општествено-политички контекст, но и со фокус на зелените прашања.

3. **Надминување на културата на неказнивост и антикорупција**

Мора итно да се преземат чекори за надминување на културата на неказнивост. Ова подразбира и борба против корупцијата, како и јакнење на транспарентноста и одговорноста на институциите.

Во овој контекст, дел од акциите може да се состојат и во јакнење на институциите, но и воведување на праксата да се ангажираат, меѓу другото, комунални редари, кои блиску ќе соработуваат со полицијата. Воедно, мора да се работи на зајакнување на судовите во насока на побрзо и доследно решавање на случаите на еколошкиот криминал.

4. **Повеќе инвестиции во зелената агенда**

Државата мора да одвои повисоки буџети за финансирање на активностите и проектите кои се дел од зелената агенда, како и кампањите за јакнење на јавната свест и менување на политиките и практиките на локално и централно ниво.

5. **Зајакнување на човечките ресурси**

Во поглед на човечките ресурси, идентификуван е хроничен недостиг на инспектори за животна средина и експерти во одделни области од зелената агенда.

Институциите треба да работат на јакнење на човечките ресурси или преквалификување на постојните капацитети

6. **Едукација на јавноста**

Државата, локалната самоуправа и меѓународните донатори треба да обрнат повеќе внимание на јакнење на јавната свест и едукацијата на граѓанките и граѓаните. Зелен ЦИВИЛ препорачува да се формира посебен фонд за проекти во оваа област, како и реформски зафати во образовниот процес за креирање навики и ставови кои се во согласност со зелените вредности и зелената агенда на земјата и на ЕУ.

## II. КОЛКУ Е РЕАЛНА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА?

Разбирањето на зелената агенда во Северна Македонија, нејзиното перципирање и ставање во контекст на општествено-политичкото секојдневие варира. Тоа зависи и од хиерархиската поставеност на државата и институциите.

Владата е наклонета кон економскиот аспект и одржливоста, додека Министерството за животна средина и просторно планирање кон приоритетните области.

1. **Усогласување на Зелената агенда со реалните состојби и можности**

Во истражувањето, Зелен ЦИВИЛ дојде до заклучок дека Зелената агенда не е во склад со реалните можности на институциите, а уште помалку со буџетските можности. Тоа придонесува кон дискрепанција меѓу агендите и проектните замисли и тоа што реално се имплементира.

Институциите се соочени со голем предизвик во имплементирањето на законската регулатива и на проектите кои се предвидени со зелената агенда. Тоа се должи на низа објективни причини (економска и воена криза, недостиг на финансии итн.), но и на субјективни причини (недостиг на човечки ресурси, недоследност и низок квалитет на имплементација на активностите итн.).

Меѓу другото, во оваа сфера е потребно да се ангажираат повеќе експерти во креирањето на стратегии и политики, како и работа на измени и хармонизација на законите. Со тоа ќе се придонесе кон решавање на еден дел од клучните зелени прашања што секојдневно ги засегнуваат граѓаните. Но приоритет треба да биде усклaдувањето на Зелената агенда со реалните можности и капацитети.

**2. Учество на граѓанското општество**

Учеството на граѓанското општество, како во светот, така и во Северна Македонија, претставува клучен ресурс за земјата во реализација на Зелената агенда.

Граѓанските здруженија, од друга страна, преку едукација и проекти, фокусирани на специфични области од Зелената агенда, се обидуваат да го дадат својот придонес кон елементарните прашања, како што се аерозагадувањето, загадувањето на почвите, зелената инфраструктура, чување на животната средина итн. Нивниот пристап кон зелената агенда е во насока на восприемање на зелената идеја како уште една алатка на политиката.

**3. Вклучување на медиумите во информирањето на јавноста за зелените прашања**

Препорака на Зелен ЦИВИЛ е поголемо вклучување на медиумите во информирањето на јавноста за зелените прашања.  Медиумите во таа насока не покажуваат интерес, ниту поседуваат доволно знаење што претставува зелената агенда, кои се бенефитите, (не)зависноста од европското прашање. Информациите ги добиваат од носителите на одлуки или граѓанските еколошки здруженија преку соопштенија или прес-конференции на кои се информира за одредени успеси и потфрлувања во одредени сегменти од зелените теми.

Истражувачкото новинарство покажува интерес, но мотивацијата некогаш зависи од транспарентноста на институциите и актуелноста на темата. Во најголема мера  сториите се со политички контекст.  Најчест мотив за истражување се наградните новинарски курсеви со конкретни теми, што опфаќаат по еден сегмент од зелените прашања. Таков е примерот со конкурсот на Здружението на новинари на Македонија каде фокусот е насочен кон справување со загадувањето на воздухот и можните решенија.

**Препораки**

Доживувањето на Зелената агенда како реална потреба, дел од секојдневниот општествено-политички контекст во кој живеат граѓаните во Северна Македонија, за Зелен ЦИВИЛ е можна доколку се вложува во:

1. **Едукација за јакнење на јавната свест**

Истражувањата на Зелен ЦИВИЛ во рамки на долгогодишното искуство во информирање, застапување и промовирање на зелените вредности покажува дека јавната свест е креирана од дневно-политичките превирања кои тежнеат кон промоција на европските вредности и демократијата од една страна, национализмот, дезинформациите и антизападни агенди од друга страна, во постојан конфликт, што кај граѓаните не остава доволно простор за креирање критички осврт кон приоритетните зелени прашања.

Зелен ЦИВИЛ препорачува силен ангажман на државата во едукација и промоција на зелените вредности, постојана комуникација и поголема отвореност кон јавноста, објективно информирање како за успесите, така и за предизвиците со кои се соочува во спроведување на проекти и активности што ги покрива Зелената агенда.

Уште поголема одговорност во таа насока имаат граѓанските здруженија, особено оние организации чија примарна цел се областите од Зелената агенда. Отвореноста кон јавноста користејќи ги сите алатки што ги имаат на располагање, како и меѓусебна соработка ќе придонесат до креирање на јавната свест, но и примарна едукација за граѓаните.

2. **Поголем медиумски простор за зелените теми**

Во тој контекст комуникацијата меѓу надлежните институции и носители на одлуки и медиумите игра значајна улога. Медиумскиот простор треба да отстапи место на едукативниот пристап кон зелените прашања, информациите што се пласираат да бидат секогаш проверени, дебатните емисии, репортажи и прилози за зелените теми, треба да бидат составен дел од секојдневната уредувачка политика.

3. **Транспарентност на институциите**

Препорака на Зелен ЦИВИЛ е институциите да работат на својата отвореност кон јавноста, да одговараат на барањата за информации од јавен карактер, да бидат достапни за медиумите и пошироката јавност.

## III. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ И СИСТЕМСКО ЗНАЕЊЕ ВО РАМКИ НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА

1. **Ингеренции**

Владата, ресорните министерства, Собранието, како и институциите на локално ниво имаат голем распон на ингеренции, но и голема разлика во експертиза и човечки ресурси. Комуникацијата,

соработката и размена на знаењата и искуствата зависи од политичките разлики, финансиските средства и пред сѐ волјата на носителите на одлуки на централно и локално ниво.

2. **Предизвици**

Спроведувањето на зелената агенда во одредени области потфрлува и поради нефункционални законски решенија, но и поседување поголеми ингеренции на локално ниво, а помалку финансиски и човечки ресурси. Кога станува збор за капитални инвестиции, според истражувањата на Зелен ЦИВИЛ,  пред сѐ преку европски фондови, државата или надлежните институции се приморани да ги одземат ингеренциите на локалните власти.

3. **Усогласување со ЕУ директивите**

Во однос на законите и поседувањето знаење и преку скрининг процесот како дел од пристапните преговори со ЕУ, оценката е позитивна. Она што недостасува е имплементација на проектите и спроведување на законите.

**Препораки**

Според истражувањето на Зелен ЦИВИЛ, може да се заклучи дека Владата во последните пет/шест години работи во повеќе приоритетни области од зелената агенда. Енергетската криза како резултат на војната во Украина, придонесе кон забрзување на процесот на искористување на обновливите извори на енергија, но за да продолжи со забрзано темпо и во другите области, Зелен ЦИВИЛ препорачува:

1. **Зајакнување на институционалните капацитети**

Потребна е проценка и анализа во кои области од Зелената агенда државата најмалку поседува експертиза и стручност во рамки на институциите и таа да се надополни со стручни лица или лица кои ќе добијат соодветна едукација и знаење за одредена област. Доколку се процени да се искористат и надворешните соработки, како и ЕУ ресурсите.

2. **Соработка меѓу ресорните министерства**

Министерството за животна средина и просторно планирање е носител на одговорностите поврзани со заштита на животна средина. Но, работата на МЖСПП зависи и од соработката со другите министерства кои имаат надлежности од областа на економијата, транспортот, правдата, државните агенции и инспекторати. Затоа таа соработка треба да се јакне, а процедурите поврзани со финансиски средства, инфраструктура, законски решенија и  спроведување на законот треба да биде во временски рамки кои нема да ја оспоруваат и успоруваат работата на Владата и Министерството за животна средина.

3. **Зајакнување на капацитетите на јавните комуналните претпријатија**

Еден од клучните проблеми, како последица и на економската криза што настана во пост –ковид периодот, но и влијанието на руската агресија врз Украина, ги доведе комуналните претпријатија во исцрпување на финансиските и човечките ресурси. Иако тие се под надлежност на општините,

сепак, најчесто кон државата е огромен и е нешто за кое се работи анализа за надминување на проблемот. Комуналните услуги кои ги плаќаат граѓаните се по иста цена, енергенсите и другите трошоци се зголемија. Препорака на Зелен ЦИВИЛ е државата преку пакетите антикризни мерки да им помогне во подмирување на долговите и дополнително зајакнување на капацитетите за навремено и квалитетно одржување на јавниот простор.

4. **Институционална соработка на локално и централно ниво**

Еден од проблемите за спроведување на капиталните проекти во рамки на Зелената агенда се поголемите ингеренции што ги имаат општините преку децентрализацијата. Зелен ЦИВИЛ препорачува, за да не ги одзема државата ингеренциите, самоиницијативно да бараат помош и да соработуваат со институциите на централно ниво за да не се кочат процесите. Во таа меѓусебна соработка да се најде начин како да се едуцираат и ангажираат инспектори за животна средина, чиј недостиг е особено забележлив во помалите општини.

## IV. ПОЛИТИЧКИ КОНСЕНЗУС

Како одговор на прашањето дали постои политички консензус околу зелените прашања во државата, може да се извлечат два заклучока:

- **Постои, тоа е единственото нешто околу кое сите се согласни**
- **Постои, но декларативно, зелената агенда како врвен приоритет зависи од моменталните политички состојби**

Позитивниот и негативниот контекст на констатацијата дека постои политички консензус произлегува од дневно –политичката поделеност во борбата на власта да пробие низ наративните експликации на опозицијата која постојано се обидува да ги поткопа демократските и европските заложби на државата.

**Препораки:**

Во таа насока, Зелен ЦИВИЛ препорачува зелената агенда да биде врвен приоритет, ослободена од политичките аспирации за моќ и превласт на одредени политички партии. Со поставување на зелената агенда на врвот на политичките и партиските агенди и меѓусебна соработка следните препораки се остварливи:

1. **Одржливиот развој е возможен ако се создаде баланс меѓу економскиот, социјалниот и аспектот на животната средина**

Доколку како примарна цел се постави зелената иднина на државата, тогаш политичкиот консензус ќе придонесе кон развој кој ќе го подобри економскиот, социјалниот, образовниот стандард на граѓаните

2. **Фокусот да бидат секогаш граѓаните**

Ако фокусот е насочен кон граѓаните и тие се примарниот интерес на политичките партии, тогаш нема простор за преговарање или поигрување со нивната иднина.

3. **Создавање услови за подобар живот**

Со заеднички ангажман во сите области на зелената агенда да се придонесе за здравјето и животниот стандард на сите

## V. ЗЛОУПОТРЕБИ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПРАШАЊА

Како најчести парични за злоупотреби на зелените прашања се корупцијата, ветувањата во контекст на изборите,  злоупотреба на моќ, блокирање на закони во Собрание, партиска зависност, менување на стратегии и закони во зависност која партија е на власт, поигрување со довербата на граѓаните.

**Препораки**

Препораките на Зелен ЦИВИЛ произлегуваат од долгогодишното искуство во мониторинг на политичките процеси на земјата и заложбите на организацијата во борбата за човековите права и слободи, против корупцијата, дезинформациите и лажните вести, во следење на изборните процеси, како и интеграциските процеси.

1. **Искрени и реални ветувања кон граѓаните**

Во контекст на претстојните претседателски и парламентарни избори во 2024 година, Зелен ЦИВИЛ препорачува изборните програми да опфаќаат активности од зелените прашања кои реално се остварливи и за кои постои можност за нивна реализација во мандатот кој ќе им се додели. Искреноста во нивните јавни обраќања ќе придонесе и кон зголемување на довербата кај граѓаните.

2. **Одредување приоритети финансиски одржливи и со доволен капацитет во човечки ресурси**

Одредување реално буџетирање и проценка на средства што би влегле преку странски инвестиции и европски фондови, без да се даваат ветувања што не се нереални и остварливи и на тој начин да се злоупотребат зелените агенди за политички поени

3. **Надминување на злоупотребата на терминологијата поврзана со зелената агенда за дневно-политички цели**

## VI. ПЕРСПЕКТИВИ НА КЛУЧНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПРАШАЊА ВО ЗЕМЈАТА ВО СЛЕДНИТЕ 10 ГОДИНИ

Како клучни области каде перспективно може да се напредува, но и се на листата на приоритети се управувањето со отпад и искористувањето на обновливи извори на енергија. Не помалку важни се загадувањето воздухот и заштитата на животната средина. Но, според заклучоците на Зелен

ЦИВИЛ  најголемата инвестиција треба да се направи во образовниот систем и едукација на младите генерации од кои зависи и зелената транзиција и зелената иднина на државата.

Општиот заклучок е дека заостануваме со многу процеси, токму поради недостигот од политичка волја, интерес или разбирање за одредени проблеми поврзани со зелените прашања. Од тие причини интеграцијата во ЕУ ќе ги забрза процесите, но и ќе придонесе за одржливиот развој, стабилност, во таа насока и безбедноста на државата. Во тој контекст евроинтеграциите и за зелената агенда се наведуваат како приоритет за Северна Македонија.

**Приоритети**

Со овој проект, Зелен ЦИВИЛ ги утврдува и приоритетите во кои различните засегнати страни и ентитети кои носат одлуки треба да ги зајакнат своите капацитети, а плановите да ги усогласат со реалните можности, но и со стандардите на ЕУ.

- **Енергетската трансформација кон обновливи извори,**
- **Енергетската ефикасност,**
- **Регулација на отпад**
- **Земјоделие**
- **Стратегија за климатски акција,**
- **Загадувањето на воздухот, почвите и водите,**
- **Железничката инфраструктура / јавен транспорт**
- **Примена на циркуларна економија**

Проектот „Зелен форум“ беше спроведен во периодот септември-ноември 2023 година, со поддршка од Фондацијата Хајнрих Бел.

ЦИВИЛ, како организација во чиј состав е Зелен ЦИВИЛ, а воедно и како членка на регионални иницијативи, меѓу кои и мрежата за циркуларна економија ЛогЕкс, продолжува со своите заложби и активен придонес кон зелените прашања во земјата, регионот и светот.

Подготви: **Биљана Јордановска** во соработка со тимот на ЦИВИЛ